Врз основа на член 41 став (4) од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/24 и 208/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОВТОРЕН УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОКАЖУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ПОВТОРЕН УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за повторен упис во Регистарот на производители на вино и потребната документација за докажување на исполнетоста на условите за повторен упис во Регистарот на производители на вино.

**Член 2**

(1) Барањето за повторен упис во Регистарот на производители на вино се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

(1) Потребната документација за докажување на исполнетоста на условите од член 41 став (1) алинеја 2 и 3 од Законот за виното (*) ја сочинуваат:
- уплатница или извод од банка за извршено плаќање согласно членот 41 став (1) алинеја 2 од Законот за виното (*),
- уплатница или извод од банка за извршена исплата согласно членот 41 став (1) алинеја 3 од Законот за виното (*) и
- табеларен преглед потпишан од одговорното лице на производителот на вино кој согласно документацијата од алинеја 2 на овој став содржи податоци со кои се докажува исполнетоста на условите за повторен упис во Регистарот на производители на вино, кој е даден во Прилог 2 кој е составен дел од овој правилник.
(2) Документацијата од став (1) на овој член се доставува во оригинал или копија заверена на нотар.

**Член 4**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за потребната документација за докажување на исполнетоста на условите за повторен упис во Регистарот на производители на вино („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/13).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 37-8099/1

13.06.2025 година

Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,

Цветан Трипуновски с.р.

**Прилог 1**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

## БАРАЊЕ ЗА ПОВТОРЕН УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Назив/Име и презиме на производителот на вино** | |
| **2.** | **Седиште/Адреса на производителот на вино:** | |
| **3.** | **Адреса на главниот преработувачки капацитет на производителот на вино (доколку е различна од адресата на седиштето)** | |
| **4.** | **ЕМБС/Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија на производителот на вино** | ☐☐☐☐☐☐☐<br>☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ |
| **5.** | **Капацитет за прием и преработка на грозје (во тони годишно)** | |
| **6.** | **Капацитет за преработка и чување на вино (во литри годишно)** | |
| **7.** | **Капацитет на опрема за пакување на виното во шишиња (во број на шишиња на ден)** | |
| **8.** | **Површина под сопствени лозови насади (во хектари)** | |
| **9.** | **Вкупна површина под лозови насади од постојани кооперанти (во хектари)** | |
| **10.** | **Име и презиме на одговорното лице во правното лице производител на вино** | |
| **11.** | **Вкупен број на вработени лица во производителот на вино** | |
| **12.** | **Телефонски број** | |
| **13.** | **Е – маил адреса** | |

Подносител

____________________
(место)

____________________
(потпис)

____________________
(датум)

**Прилог 2**

Назив / Име и презиме на производителот на вино

______________________________

**Табеларен преглед за докажување на исполнетоста на условите за повторен упис во Регистарот на производители на вино**

| Р. бр. | Име и презиме на физичко лице / Назив на правно лице производител на вино | Поединечен износ по лице на исплатениот главен долг | Поединечен износ по лице на пресметана казнена камата за соодветниот период | Поединечен износ по лице на исплатена казнена камата за соодветниот период | Вкупен износ по лице на исплатен главен долг и казнена камата |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |
| 10 | | | | | |
| 11 | | | | | |
| 12 | | | | | |
| 13 | | | | | |
| 14 | | | | | |
| 15 | | | | | |
| 16 | | | | | |
| 17 | | | | | |
| 18 | | | | | |
| 19 | | | | | |
| 20 | | | | | |
| ... | | | | | |
| | **Вкупно:** | | | | |

______________________ ______________________

**потпис на физичко лице/ одговорно лице во правно лице** **М.П.** **Датум**